ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 09-2014/13
26.04. 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20 и 215/21), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 02/2022**

1.За извршител на работно место:
- Советник за издавање на одобренија за градба, доградба и надградба во Одделение за градежништво во Сектор за урбанизам , како прво рангиран кандидат се избира Верица Јакимовска , со освоени вкупно 39,00 бода.

2.Именуваната од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработена на работното место **Советник за издавање на одобренија за градба, доградба и надградба со шифра на работно место УПР0101В01000** по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Интерниот оглас бр.02/2022, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 08.04.2022 година за вработување на административен службеник на работно место - Советник за издавање на одобренија за градба, доградба и надградба во Одделение за градежништво во Сектор за урбанизам со шифра на работно место УПР0101В01000, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр. 02-2014/8 од 18.04.2022 година, донесено од страна на Секретарот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, изготви финална ранг листа, која заедно со предлогот за избор на прво рангираниот кандидат ја достави до Секретарот на општината.

Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**СЕКРЕТАР**
**Георги Трајчев**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси.

Scanned by TapScanner